**20252044071**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 24 став (9) од Закон за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 3/25), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА УСТАНОВА И ИНСТИТУЦИЈА ЗА НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на акредитација на установа и институција за неформално образование на возрасните (во натамошниот текст: понудувачот на услуги), како и формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација.

Член 2

(1) Барањето за акредитација на понудувачот на услуги се поднесува за секоја посебна програма одделно, на Образец со димензии 21 cм x 29,7 cм.

(2) Формата и содржината на Образецот на барањето за акредитација од став (1) на овој член, се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето за акредитација на понудувачот на услуги се доставува следната документација:

- статут на понудувачот на услуги;
- елаборат на понудувачот на услуги;
- изјава за безбедност за секое работно место согласно потребите на верификуваната посебна програма;
- свидителство/диплома за завршено соодветно образование  и сертификати за соодветната програма, биографија, договор за вршење на услуга помеѓу установата или институцијата за возрасни и наставници/обучувачи во која се дефинирани обврските, одговорностите и услови за работа,
- доказ за сопственишство/договор за изнајмување и структура на просторот и
- решение за верификувана посебна програма, верификуваната посебна програма за образование на возрасните.

Член 4

(1) Исполнетоста на нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар за акредитација на понудувачот на услуги согласно верификуваната посебна програма, се врши преку непосреден увид.

(2) При непосредниот увид од став 1 на овој член, се врши проверка на:

- доставената документација и барањето за акредитација;
- просторните и материјални услови потребни за реализирање на посебната програма за неформално образование на возрасните и
- кадровските услови потребни за реализирање на посебната програма за неформално образование на возрасните.

(3) За увидот во исполнетоста на нормативите и стандардите за акредитација се информира понудувачот на услуги, најдоцна седум дена пред увидот.

Член 5

(1) Од страна на претседателот на Комисијата за акредитацијата на понудувачот на услуги (во натамошниот текст:Комисијата), најдоцна седум дена од денот на увидот, се доставува извештај до директорот на Центарот за образование на возрасните (во натамошниот текст: Центарот), во кој се доставува извештај за исполнетоста на нормативите и стандардите за акредитација на понудувачот на услуги, со предлог за акредитација на установа или институција за неформално образование на возрасните.

(2) Доколку при увидот се утврди дека доставеното барање и документацијата се некомплетни, од страна на Комисијата се доставува извештај до директорот на Центарот, со кој се бара дополнување на истите од страна на понудувачот на услуги.

(3) Од страна на директорот на Центарот се доставува известување до понудувачот на услуги да постапи по барањето за дополнување и да ја достави потребната документацијата до Центарот, најдоцна десет дена од денот на приемот на барањето за дополнување.

(4) Од страна на Центарот на понудувачот на услуги, му се дава негативно мислење доколку не ги исполнува нормативите и стандардите за реализација на верификувата посебна програма за неформално образование на возрасни или не ја достави потребната документација до Центарот во рокот од ставот (3) на овој член.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 210/16).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-12743/2
1 октомври 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Прилог

До
ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје

**Б А Р А Њ Е**
**за акредитација на установа или институција за неформално образование на возрасните**
**за посебна програма**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на установата или институцијата за неформално образование на возрасните | |
| 2. | Назив на посебната програма за неформално образование на возрасни | |
| 3. | Број на решение за верификација на посебната програма за неформално образование на возрасните | |
| 4. | Број на регистар на акредитирана установа и институција | |
| 5. | Управител / овластено лице | |
| 6. | Адреса | |
| 7. | Телефонски број | |
| 8. | Адреса на е-пошта: | |
| 9. | Име и презиме на наставници/обучувачи вклучени во реализација на верификуваната посебна програма | |
| 10. | Простор за вршење на дејноста: | |
| | - вкупна површина (во $м^2$) | Теоретска настава |
| | | Практична настава |
| | - вкупен број на училници, кабинети, други простории | Теоретска настава |
| | | Практична настава |
| | - адреса наместо на спроведување | Теоретска настава |
| | | Практична настава |
| 11. | Кон барањето да се приложи следната документација | |
| | - статут на понудувачот на услуги;<br>- елаборат на понудувачот на услуги;<br>- изјава за безбедност за секое работно место согласно потребите на верификуваната посебна програма;<br>- свидителство/диплома за завршено соодветно образование и сертификати за соодветната програма, биографија, договор за вршење на услуга помеѓу установата или институцијата за возрасни и наставници/обучувачи во која се дефинирани обврските, одговорностите и услови за работа,<br>- доказ за сопственишство/договор за изнајмување и структура на просторот и<br>- решение за верификувана посебна програма, верификуваната посебна програма за образование на возрасните. | |
| 12. | Опрема:<br>- краток опис на поважната опрема потребна за реализација на верификуваната посебна програма | |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Изјава од управител/овластено лице | Јас долупотпишаниот:<br>-ја потврдувам точноста на информациите содржани во барањето, статутот и елаборатот<br>-потврдувам дека се исполнети сите потребни нормативи и стандарди за реализирање на верификуваната посебна програма<br>-се согласувам да се врши непосреден увид во работењето на установата или институцијата |

Датум:

___________

Барател:

________________________

(Име, презиме и потпис на управител/овластено лице)

(Печат на установата или институцијата)